## Влада на Република Северна Македонија

\- Канцеларија на претседателот на Владата -

Дата: 27-03-2025

Архивски број: 08 - 374/139

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија"бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/24) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.259/2024), а во врска со Интерниот оглас бр. 1/2025, објавен на 20.03.2025 година на интернет страниците на Владата на Република Северна Македонија и на Агенцијата за администрација, за унапредување на административни службеници, шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на 1 извршител - кандидат за унапредување на работно место Виш соработник за административно оперативна работа**

1. За извршител на работите на работно место - Виш соработник за административно оперативна работа, со шифра УПР0101В02000, во Одделение за оперативна работа, во Сектор за стручно-административни работи при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, се избира кандидатот-Трајче Мишевски.
2. Именуваниот/та ќе биде унапреден/а на работно место од предходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисијата за селекција на кандидати за унапредување, формирана со Решение на шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија бр.**08-374/13 од 24.03.2025 година**, во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, по објавување на Интерниот оглас бр.1/2025 на 20.03.2025 година на интернет страниците на Владата на Република Северна Македонија и на Агенцијата за администрација, за унапредување на работно место - Виш соработник за административно оперативна работа, во Одделение за оперативна работа, во Сектор

за стручно-административни работи, со звање Виш соработник, со шифра УПР0101В02000, спроведе административна селекција и проверка на веродостојноста на доказите, а интервјуто за наведеното работно место со именуваниот кандидат го спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана со горенаведеното решение.

По спроведената административна селекција и проверка на веродостојноста на доказите, извршеното бодирање и интервјуто, Комисијата изготви конечна ранг-листа.

Врз основа на предложената ранг-листа, шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на прием на одлуката.

Владимир Нелоски

Шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата
на Република Северна Македонија

ДОСТАВЕНО ДО:

- Именуваниот/ната
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива